**20101633478**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 25 став 2 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/08, 52/09, 114/09 и 124/10), министерот за транспорт и врски донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА И НА ОБЈЕКТИТЕ НА ПАТОТ

Член 1

Во Правилникот за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/09, 163/09 и 26/10) во член 313 став 1 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

“Доколку излезот од автопатот и исклучувањето од автопат за влез во ПУО е на такво растојание да при тоа не може да се запазат одредбите од член 313 став 1 алинеја 3 и 5, може да се направи излезот од автопатот и исклучувањето од автопат за влез во ПУО да биде со заеднички излез од автопат, но при тоа излезот од ПУО за приклучувањето на автопат да се изведе преку секундарна патна мрежа приклучена на автопат преку денивелирани јазли“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-16597/1
16 декември 2010 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески,** с.р.